Триглав Осигурување АД
бул. 8-ми Септември бр. 16, 1000 Скопје
матичен број: 4691130
даночен број: 4030993129071

triglav

www.triglav.eu
www.triglav.mk

ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД
Бр. 02-9817
17.07 2016 год.
СКОПЈЕ

**Триглав Осигурување АД, Скопје**
**Бул.8-ми Септември бр.16**
**1000 Скопје**

**Предмет:** Забелешки кон член 21 од Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурувањето

**1. Коментар на член 21 од Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурувањето**:

Со член 21 од Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурувањето се предвидува изменување во членот 150-а во ставот (2) зборовите „наплата на премијата“ да се заменат со зборовите „добивање фактура од страна на друштвото за осигурување“ со што за осигурително брокерските друштва се предвидува обврска наплатената премија за осигурување да ја префрли на друштвата за осигурување во рок од 15 дена од денот на добивање на фактурата од страна на друштвата за осигурување.

**Мислење:** Со предложената измена се овозможува простор за осигурително брокерските друштва наплатената премија за осигурување да ја задржуваат на своите сметки подолг период бидејќи обврската за префрлање на премијата се врзува со издавањето на фактурата од страна на друштвата за осигурување за што не е предвиден рок. Во насока на специфицирање на одредбата и постигнување на целта за што побрзо префрлање на премијата од осигурување од страна на осигурително брокерските друштва кон друштвата за осигурување потребно е да се предвиди рок во кој друштвата за осигурување треба да ја издадат и фактурата и рок во кој осигурително брокерските друштва треба да ја платат истата. Навременото и точно определување на рокот за прием на средствата стекнати од премијата за осигурување ќе придонесат кон зголемување и зајакнување на ликвидноста на друштвата за осигурување што понатаму ќе придонесе кон подобрување на условите на осигурителниот пазар.

**Предлог:**

Во членот 150-а ставот 2 се менува и гласи:

(2) Осигурително брокерското друштво е должно да изврши пренос на средствата по основ на премија на сметка на друштвото за осигурување најдоцна во рок од 15 дена од денот од добивање фактура од страна на друштвото за осигурување.

Се додава став 3 што гласи:

(3) Фактурата од став 2 на овој член се однесува на полисираната премија во претходниот месец и друштвото за осигурување е должно да ја достави до осигурително брокерското друштво најдоцна во рок од 15 дена по истекот на месецот за претходниот месец.

Останатите ставови соодветно се ренумерираат.

**Напомена:** Доколку не се прифати овој предлог, сметаме дека е поцелисходно решението во актуелниот закон, отколку предложеното решение во Предлог законот.

**Триглав Осигурување АД, Скопје**
**Главен извршен директор**
**Ѓорѓе Војновиќ, МБА**

_______________

**Извршен директор**
**Рок Пивк**

_______________